**Јагода,** сестрата на Никола, е мажена во Белојште и има син Боби и ќерка Соња, а **Перса** е мажена за србин од Палатица, па, се преселени во Сараќино и има пет деца: Јово, Мирко, Снежа, Ружа и Николина.
Со Велика Петковска разговарав на Месинџер, на 08 Септември 2025 година, како и повеќе пати за лица и родови од Лешок и дали се ист род Станчееј и Џврчкоој, ми рече дека аџо Никола е од родот Станчееј, а Џврчкоој се друг род. Види, Р. бр. 12 и 14 (стр.138). http://spiroski.com.mk/
**в. Речник,** (Р.бр.18, стр.211,223,234,246,250,280,), **род, слава, Станчееј, Тошоќеej, Тумба,**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
|  |  |  |  |  |  |
| Никола + | Трпче + | Анѓелко + | Крсто + | Горан | Киро |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
|  |  |  |  |  |  |
| Никола | Живко | Александар | Стефан | Илија | Анѓел + |

# 49. Станкооj

**Станкооj** е род од Лешок, домашна слава е **Петковден**. Овој род го викаат и **Јанкооj.** Куќите им се во Тенеќе маало, над Школото. Родот Станкооj некаде е запишано дека има заедничко потекло со родот Попарооj, Лешкооj, Попооj, Пиперкооj, но, тоа не е точно утврдено, бидејќи на родот Лешкооj односно Попооj домашна слава им е Св. Никола.
Од овој род, ги познавав дедо Тоде, дедо Ѕако и дедо Биљбиљ со повеќето од нивните потомци.
**Тоде** имаше два сина Јордан и Вељо и четири ќерки: Бора, Јорданка, Јованка и Цвета.
Јордан со сопругата Ана од Џарлооj од Лешок имаат 5 ќерки: Милица, мажена во Охрид, Олга во Брвенца, Фролика во Теарце, Елица во Охрид и Вера во Тетово.
Вељо има две ќерки Тања и Вукица.
За трите ќерки на Тоде: Бора, Јорданка и Јованка, немам податоци, а имам само за Цвета, четвортата ќерка од Тоде, со која заедно учевме.
Цвета Станковска (м. Настевска) сме Генерација и заедно учевме. Цвета со Бошко од Туденце имаат три деца: Југослав, Анета и Ангела. Југослав има три деца: Емилија, Бојан и Ангел, Анета со Тони има две деца: Христијан и Стефан и Ангела со Миле од Теново имаат близнаци: Дамјан и Димитар. Види, ( Р. бр. 12 и 14, стр. 139 -140, Р. бр. 18, стр. 234 и Р. бр. 25, стр. 59 ).
**Ѕако** со Тода од Глоѓи, има три ќерки: Верка, Цвета и Фота и син Петре. Љефта(Верка ?) е мажена за Петре од Момирооj и има три деца: Борис, Благуњ и Александар. Фота е мажена за Косте Мисајловски од родот Дабоќеej односно Цветанооj од Лешок и имаат син Младен и ќерка Јорданка, Цвета е мажена за Косте Кировски во Скукооj и има дава сина, Мирко и Спасо.
Петре со жената Божана од родот Нешооj од Лешок има еден син Борис и четири ќерки, Мара, Грозда, Добринка и Снежана.
Борис Станковски со Јагода од дедо Симче од родот Момирооj имаат син Стојанче и ќерка Светлана. Стојанче Станковски и Марија од Чешка имаат три деца: Мирослав, Борислав и Христина. Светлана е мажена и немам податоци.

Мара е мажена за Александар од Брвенце и имаат син Зоран и ќерка Лидија. Зоран со Надица од Тетово имаат ќерка Марија и син Александар. Мара Станковска работи како графички работник и занатот го пренесува и на синот Зоран, кој преку печатницата АЛМА-Графика во Ѓорче Петров, ми отпечати девет книги во времето од 2019 до 2025 год. Лидија е мажена за Драган од Кичевско и имаат син Виктор и ќерка Стефани.

**Биљбиљ** има еден син Јоше и две ќерки, Симка и Верка. Јоше (Јован) е отселен во Пловдив, Бугарија и нема деца, Симка е мажена за Димо, трговски патник, од родот Зургуловци од Теарце и има два сина Христе и Мирко. Христе беше студент на медицина и погина при веселба на свадба од одбиено зрно од куршум од пушка. Мирко од Димота од Теарце има два сина Душко и Христе, кои се во САД, од кои, Христе е професор. Втората ќерка, Верка (нина Петрејца) е мажена за Петре Ѕаков од родот Момирooj од Лешок и имаат три сина: Борис, Блашко и Александар.

Види, ( Р. бр. 5 и Р. бр. 15). Повеќе за родот Станкooj, Види ( Р. бр. 1 и 22, стр. 148-157 во ТОМ-1 и Р. бр. 8, стр. 69 ). http://spiroski.com.mk/

**в. Речник,** ( Р. бр. 18, стр. 92,154,,211,223, и 234 ), **Јанкooj, Момирooj, род, слава, Станкooj,**



| Борис + | Мара | Цвета + | Зоран | Наде | Димитар | Мирослав | Борислав | Александар |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

# 50. Такарooj

**Такарoo**ј е род од Лешок, домашна слава е **Петковден**. Овој род е голем род и куќите им се на северо исток од Бучејца. Овој род имаа две воденици, кои беа на јазот од Лешочката река на Бучејца и над Бучејца, а газди беа дедо Весо и дедо Глигур. Поради силното бучење на водата во Глигуровата и Весоата воденица местото односно топнимот го викавме Бучејца. Се сеќавам на остатоците од Глигуровата воденица, која беше разрушена, а Весоата воденица работеше и јас многу пати сум влегувал, а дедо Весо ќе ме штипнеше по образчињата и ќе миречеше кумбарче, бидејќи сме биле стари кумови.

Од родот Такарooj познавам повеќе лица, а најпрво ќе ги споменам дедо Весо, Глигур, Боро и Коце, а ќе ги споменам и нивните деца, како: аџо Петре, Стојан и Божин, Ристо, Славе, Круме, Благуњ, Лазо, секако и повеќето од нивните деца, какои и некои внуци.

Најпрво ќе го споменам дедо Весо, воденичарот, кој имаше два сина Драган и Никола и две ќерки Даница и Митана. Драган не се ожени, а за ќерките Митана и Даница не располагам со податоци. Никола Петровски има син Винко и ќерка Вера. Винко Петровски со сопругата Татијана имаат две ќерки Радица и ? и син Христијан.

Глигур, воденичарот има два сина Стојан и Божин. Стојан има два сина Боре и Перо. Боре Глигуровски има син Тони и ќерка Анета, а Перо со Дафинка од Момирooj имаат син Златко и ќерка Даниела. Златко Стојановски со Жаклина, ќерка на Васко и Милица од Паунooj имаат две ќерки Стефани и Емилија, а Даниела има син Бобан.

Божин се пресели во Тетово и има син Младен и немам податоци. Боро со жена му Симка од Шукooj од Долно маало од Лешок, има два сина Благуњ и Лазо и ќерка Борика.

Борика( Ѓоцејца) е мажена за Ѓоце Кочовски од Љешкooj, татко на Цвета, со која сме генерација. Нина Ѓоцејца има син Душан и ќерка Цвета. Душан има син Велимир и две ќерки: Ирена и Наташа.